*Датум: 07.12.2011, 09:38*

# Отровен чад излегува од оџаците на „Фени“, предупредуваат еколози



**Од оџаците на топилницата „Фени“ излегува опасен чад кој доаѓа од согорување на рециклирани гуми што претпријатието ги користи како како гориво во печките, предупредуваат еколози.**

Со ваков сомнеж излегоа од еколошкото друштво "Еко-живот" од Кавадарци. Во писменото известување стои дека гигантот и онака испуштал многу издувни гасови кои според невладината организација биле токсични по здравјето на луѓето на многу начини, независно дали загадувањето било преку воздух или преку отпадна вода.

**„Еко-живот": Кој дал дозвола?**

Еколозите сметаат дека комбинатот освен што отстапувал од пропишаните мерки за филтрирање на издувните гасови, сега дополнително го зголемил загадувањето на животната средина со горењето гуми во печката.

- Што е следно од "Фени"? Труењето продолжува со зголемен интензитет без никаков обзир спрема штетните последици кон вработените и околното население - стои во дописот потпишан од претседателот на друштвото, Роберто Паризов.

Од "Еко-живот" јавно прашуваат кој дал дозвола печката на топилницата да се "храни" со гуми.

- Кој си земал за право да го стави својот потпис за да не трујат нас? Кој презел таков катастрофален чекор и дали тој има бар малку совест? - се прашањата на кои бараат одговор еколозите.

Со известување до граѓаните и апел до "Фени индустри", екологистите се надеваат дека ќе ја разбудат еколошката свест во комбинатот и раководните структури во државата.

**Фени: Гориме гуми со дозвола од министерството**

Во телефонскиот разговор директорот на „Фени индустри" Никола Ризов ни потврди дека горат гума во печката, но дека тоа било со дозвола од министерството за животна средина и просторно планирање.
Токму од ресорното министерство побаравме став по ова прашање, но портпаролот Сашо Секуловски е во Љубљана, па информација рече ќе ни дал во петок.
Од локалната самоуправа знаат за ова, но велат дека им е потребна дополнителнма анализа пред да коментираат.

Од наши извори дознаваме дека сепак се работи за гума во гранулирана состојба од Грција и Србија, во просек по околу 100 до 150 тони дневно. **(С.Д.)**

Сподели15 SHARE

**aleks**, 07.12.2011 10:34:27

strancive gi prefrlaat vakvite prjavi industriski kapaciteti od nivnite zamji vo vakvi banana drzavi kako nasata so korumpirano rakovodstvo do daska za da ne se trujat nivnite gragani i deca pametno nema sto mnogu li e tesko ovie nasive dibeci od vlasta da pratat inspekcija i da gi opomeni da si postavat filtri ili pak do tolku imaat zemeno rusvet sto ednostavno nemozat da im tropnat na vrata.

**Гого**, 07.12.2011 10:35:21

Како не ви е срам да пишувате против ФЕНИ???Па од ФЕНИ "живеат" 1000 фамилии во Тиквешијата!ФЕНИ е тој што секогаш дава по некоја пара, било да е тоа за кошарката, било да е тоа за плоштадот, или неколку денари "каде треба".ФЕНИ е добитник (ако не и повеќекратен) на «7-мо септемвриискатa награда» на град Кавадарци која се доделува на заслужни поединци и организации!!!А директорот еве секогаш вика дека се е во ред.А тоа дека се труе Тиквешијата, се уништува еколошкиот систем, се труат околу 100000 жители, се прави антиреклама на Тиквешкото вино - сето тоа се само муабети - тоа не е докажано....

**PERO**, 07.12.2011 10:46:11

kADE E SEGA LILETO pOPOVSKA DA ISPADNE I NESTO DA KAZE pa makar i laze. Kako ne ime sram go istruja narodot a se pravat nevini kako demek se borat za zelenilo i cist vozduh,ili samo ime dzebot vo umot , kako da go napolnat.BRUKI NI EDNI .

**dzavid-venezia**, 07.12.2011 11:40:44

na zapad ova e najstrogo zabraneto,i sto e najsmesno gumite se recikliraat od niv nisto ne se frla,nema otpad...a vo Makedonija se gori i toa so dozvola od ministerstvo,pa kazete koj e toj minister sto dal takva dozvola i neka go izbrkaat,a i gragjanite treba da protestiraat ne da kutat kako vo komunizmot...pa neli sme damokratska drzava...so polupismeni ministri...

**mene**, 07.12.2011 11:48:20

ej re**rdiran, ako sakas da se trues odi i smukaj auspuh, ne prodavaj m*da deka ne e dokazano.

**brlo**, 07.12.2011 12:07:08

do Gogo: odi vlezi vo Feni i bidi tamu edna smena na rabota 8h osobeno navecer treta smena pa ke vidis dali e sramota i laga ova shto e napishano vo statijata

**cistvozduh**, 07.12.2011 12:09:58

Da dojdete vo Skopje da vidite kakov cad sekojdnevno izleguva od Makstil! Do koga sistemot ke go tolerira truenjeto na graganite!! Dali konecno zitelite na Skopje ke disat cist vozduh.

**Marjan**, 07.12.2011 12:10:00

Sram da im e odgovornite. Ke go poistrujat celiot anrod. Feni treba pod hitno da se kontrolira od stranski eksperti za da se doznae vistinata. Uzasija.

**ЗА ГОГО**, 07.12.2011 12:26:14

КАКО ТЕБЕ НЕ ТИЕ СРАМ .ЖИВЕАТ 1000ФАМИЛИИ А ШТО ТРУЕ УШТЕ НАЈМАЛКУ 10000 /ДЕСЕТ ИЛЈАДИ/ ФАМИЛИИ НЕЕ НИШТО.ОЏАЦИТЕ РАБОТАТ БЕЗ ФИЛТРИ И НИКОЈ НИШТО НЕ МУ МОЖЕ

**bibi**, 07.12.2011 12:48:10

@aleks e potpolno u pravo,.a gogo,zalam so i ti si eden od mnogute na koi feni im gi zamachka ochite so kosharkata,.golemo chudo prvaci u kosharka.,a sho e drastichno zgolemen rakot u tikveshijata.,sterilitetot i red dr gadni raboti,ja gi razbram tie lugje so ziveat od feni.,ali shtetata sto ja pravi feni ne moze da se sporedi.,pozdrav i svestete se dur ne e kasno

**Pero**, 07.12.2011 13:05:23

Ruda koja ima radioaktivno zrachnje nosat od stranstvo i tuka ja topat. nema koj da gi zapre. Dadoa

20000 evra za ploshtadot i sega pravat sho sakaat. Vo Kavadarci e zgolemen brojot na bolni od bolesti koi se predizvikani od radiaktivno zrachenje

**vraboten vo feni**, 07.12.2011 14:03:19

A bre dosta galamite be lugje . Ne e vistina deka vo Feni ne rabotat filtrite na odjacite . Rabotat non stop . Vistinata e taa deka Feni ke investira i vo nov filter i se raboti na toa . A ovie zelenite ako sakat da ziveat vo cista makedonijia neka odat vo planina i tamu ke si ziveat vo cista okolina , ke jadat zdrava hrana , ke si pasat ovci i se sto odi so toj zivot . A ako sakame makedonija tehnoloski da se razviva ne mozeme da se dozvoli tie premnogu da galamat vo drzavata . Da ne raboti vo ovoj moment Feni , Kavadarci ke bide grad na duhovi toa treba na site da im e jasno , a drzavata ke ostane bez edno 300-400 milioni dolari devizi , pluz danoci i drugi davacki koi doagaat od Feni . Kraj na prikaznata .

**а-фени**, 07.12.2011 14:10:39

Do koga sistemot ke go tolerira truenjeto na graganite!!Каква ГЛуПОСТ, прашањето е до кога ГРАЃАНИТЕ ова ке го толерираат.Ваквите фирми бегаат од запад бидејки ГРАЃАНИТЕ протестираат, а не оти си го сакаат народот.

**cist vozduh**, 07.12.2011 14:41:17

do a-feni koga neznaes nesto te molam ne komentiraj! Sistemot go cinat graganite ! Pred da kvalifikuvas i da napises nesto dobro razmisl!! Konecna odluka za nesto donesuvaat oraganite na sistemot koi pod pritisok na graganite donesuvaat ili ne donesuvaat efektivni odluki!! Mojot komentar bese vo odnos na cel sistem(gragani, narod drzava)!! Zatoa zemi i uci nesto a ne da davas pausalni i demagoski komentari Ako mozes izlezi i protestiraj toa e dadeno pravo na site koi se del od odredem sistem!!!

**koko**, 07.12.2011 14:41:33

vo blizina na Feni e seloto Vozarci i od sekoja kuka ima po eden vraboten vo Feni za da ne se bunat za zagaduvanjeto sto go pravi fabrikata

**Ilija Kavadarci**, 07.12.2011 14:52:11

Do Vraboten vo Feni!!!..golema rabota ako se zatvori Feni..podobro e cista okolina,odkolku 700-800 semejstva da krpat zivot so platata od Feni..i najgolema laga e deka vo Feni rabotele filtrite...?????i uste pogolema deka se rabotelo na montaza na novi filtri..ccccc?????..kako bre ne vi e sram ...pa najmalku 10 pati se zgolemeni malignite zaboluvanja na gradjanite od Tikvesijata i seto toa od rabotata na Feni i prodadenite makedonski menadzeri...uste se veli Feni dal pari za plostadot i pari za kosarkata....GOLEMA RABOTA... Kavadarci i bez Feni imase super plostad i bez Feni imase super ekipa vo Kosarka...taka da ako Feni saka da raboti EDINSTVENA opcija e stroga kontrola na emisjata na gasovi od odzacite ili ogromen gradjanski revolt(sto mislam deka koga -togas ke se sluci)...

**Kavadarcanec**, 07.12.2011 15:35:35

Abe se smrdeme od gradskata deponija sekoj den sekoja vecer ama za toa nikoj ne smee da zucne oti toa e pod drzavna odgovornost. Ovie demek ekoloskite drustva i oni samo od interes gledat i zapnala Feni ta Feni, alooo deponijata ne otru, toa tuka ni e u gradot, FENI e namu na 10km od gradot, ke prevzeme li nekoj nesto vo vrska so deponijata

**gragjanka**, 07.12.2011 16:03:07

feni treba pod hitno da se sopre a deponijata da se dislocira ,cadot nad gradot e mnogu golem a mirisot pogotovo na periferniot del na Kavadarci ne se podnesuva .Gi molam ekolozite da sprovedat najbrzo sto moze akcija za zastita ako treba site ke ucestvuvame i se sto treba ke se prevzeme.Jas sum postojano vo kontakt so gragjanite i site se svesni za sostojbata.Neka ne se plasat site ke bideme so niv.

**scipion**, 07.12.2011 09:52:06

A znaete li koj gi dobiva tenderite za nezavisno merenje na ispustite na stetni materii. Ajde pogodete!! Odgovor: Ne onoj koj ke ponudi najniska cena tuku onoj koj ce veti deka ce pise najmalo zagaduvanje. Zalosno ama vistinito.

**kavadarcanka**, 07.12.2011 15:51:54

zarem i vo kavadarci ima ekolosko drustvo ako ima kako do sega molcat.So godini deponijata gori Feni ne true ,zarem ke se seti nekoj deka Kavadarci ke bide mrtov po nekolku godini,deka karcinomot kaj kavadarcani zema ogromen zamav osobeno kaj mladite.decata ni izumrea,a nikoj ne prevzema nisto.